**ЗАПИСНИК**
**од одржан состанок за проектот Топилница за олово и цинк Велес**
**на ден 31.10.2011**

На ден 31.10.2011 година (понеделник) со почеток во 9 часот во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на барање на инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје, се одржа состанок во врска со дополнување на известувањето за намера за изведување на проектот Топилница за олово и цинк Велес, на која присуствуваа

Од страна на инвеститорот:

1. г-дин Васил Саздов – преставник на "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје
2. г-ѓа Маја Коцова – Консултант

Од страна на Управата за животна средина:

1. г-дин Зоран Бошев – раководител на одделението за ОВЖС
2. г-дин Влатко Цветаноски – советни во одделението за ОВЖС
3. г-дин Хусни Тачи – помлад соработник одделението за ОВЖС

Состанокот го водеше Зоран Бошев – раководител на одделението за ОВЖС, и се разгледуваше барањето за дополнување на известувањето за намера за изведување на проектот Топилница за олово и цинк Велес, разгледувајки ги сите точки поединечно:

**Точка 1 - опис на проектот:**

Маја Коцова – во врска со точка 1 – се констатира дека нема потреба од дополнување на оваа точка ;

**Точка 2- карактеристики на проектот:**

Зоран Бошев – во овој дел е опишан само историјатот на работа на топилница Велес, додека во врска со технологијата со која планира да работи новиот инвеститор "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје има дадено само материјален биланс.

Влатко Цветаноски – даде забелешка се обработи делот за погонот за агломерационо пржење и за целиот технолошки процес.

Од страна на сите присутни е констатирано дека во оваа точка треба описно да се дополни технолошкиот процес на Топилница за олово и цинк Велес.

Маја Коцова – постави прашање дали за новата депонија за троска која е спомената во листата за определување на обемот на студијата треба да се опише и во известувањето за намера?

Васил Саздов – објасни дека за ова се планирани три алтернативи, кои усно ги опиша.

Од страна на сите присутни беше констатирано дека оваа точка ќе треба подетално да се обработи во известувањето за намера за спроведување на проект.

Маја Коцова – постави прашање за забелешката од страна на МЖСПП во алинеја 7 на кои податоци за евентуални други согласности потребни за проектот и за кои консултирани страни треба да се даде опис ?

Зоран Бошев – одговори дека ова се мисли за сите податоци на согласности кои се потребни пред да се добие дозвола за градба или употребна дозвола за објектот, а што се однесува за консултирани страни – се мисли на сите оние кои се директно засегнати од изведувањето на проектот, односно како консултирани страни може да бидат општината Велес, невладините организации, Институт за јавно здравје и други засегнати страни. Исто така кажа дека доколку ги имаат податоците за согласностите и консултираните страни да се наведат, а доколку ги немаат истите да напише што е причината.

Од страна на сите присутни беше констатирано дека оваа точка ќе треба да се доработи во известувањето за намера за спроведување на проект.

**Точка 3 - локација на проектот:**

Маја Коцова – постави прашање за забелешката од страна на МЖСПП од каде да се набават информациите во врска со намената на земјиштето на локацијата или веднаш до локацијата, евентуални планирани намени на земјиштето, зонирањето и намена на употребата на земјиштето и т.н. ?

Васил Саздов – даде коментар дека инвеститорот до општина Велес има поднесено барање за истото, бидејки тоа е од интерес на инвеститорот заради тоа што сакаат да го купат земјиштето, но до сега немаат добиено одговор. Намерата на инвеститорот е уште еднаш да достави барање до општината.

Зоран Бошев – во врска со ова прашање кажа дека барањата до општината да ги достават како прилог на известувањето на намера, а доколку добијат одговор истиот исто така да го достават во прилог на известувањето.

Маја Коцова – делот за евентуални алтернативни локации кои биле земени во предвид за евентуална изградба на нова фабрика веќе се преработени во новото известување.

Од страна на сите присутни беше констаирано дека оваа точка ќе треба подетално да се обработи во известувањето за намера за спроведување на проект.

**Точка 4 – карактеристики на можните влијанија:**

Маја Коцова – постави прашање дали оваа точка мора да биде описна или може да биде даден само табеларен преглед?

Зоран Бошев – во врска со ова прашање кажа дека оваа точка мора да биде описно дадена, со цел да се видат можните влијанија врз воздухот, водата, почвата, влијанието врз луѓето, човековото здравје и се она што е пишано во службениот весник 33 од 2006 година, со цел да се утврдат и опсегот на влијанијата, веројатноста и честотата, така да неминовно е описно да се даде оваа точка. Исто така доколку консултантот одлучи, покрај описот може да даде и табеларен прилог.

Од страна на сите присутни беше констатирано дека оваа точка мора целосно да се преработи во известувањето за намера за спроведување на проект.

Состанокот заврши во 11 часот.

Скопје, 31.10.2011

Записникот го водеше

Хусни Тачи

г-дин Васил Саздов – преставник на "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје ____________

г-ѓа Маја Коцова – Консултант ____________

г-дин Зоран Бошев – раководител на одделението за ОВЖС ____________

г-дин Влатко Цветаноски – советни во одделението за ОВЖС ____________